ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 11-124/2

Дата: 14.12.2011

**ДО**
**АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Агенцијата за управување со одземен имот (во натамошен текст Агенцијата), сметка на Основен буџет - 637 за 2010 година.

Не е вршена ревизија ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Агенцијата, сметка на Основен буџет – 637, за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

Врз основа на резултатите од ревизијата, ние не изразуваме мислење за реалноста и објективноста на билансот на состојба, за билансот на приходи и расходи изразуваме позитивно мислење, додека за усогласеноста на активностите, финансиските трансакции, информациите со релевантната законска регулатива изразуваме негативно мислење.

При оценка на процесот на прием и евидентирање на документарниот материјал кој се однесува на одземениот имот (привремено конфискуваниот имот, имотна корист и одземените предмети, како и конфискуваниот имот, имотната корист и одземените предмети со правосилна одлука во кривична и прекршочна постапка), ревизијата констатира дека не се води соодветно сместување, чување, заштита и обезбедување на документарниот материјал, со што постои ризик од некомплетна евиденција на примената документација и можност за нејзино губење.

Во ноември 2010 година извршени се измени во Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка, по кои Агенцијата не извршила усогласување на Статутот,

со што овозможено е на органите на управување за вршење на дејствија и донесување на акти кои не се во согласност со законски предвидените.

Со увид во актите, документацијата и расположливата евиденција со кои е уредено преземањето, складирањето, проценувањето и евидентирањето на конфискуваниот имот, имотна корист и одземените предмети, ревизијата ги констатира следниве состојби:

- за сместување и чување на одземениот имот Агенцијата користи плацови и магацини за кои Владата на Република Македонија нема донесено одлуки за пренесување на правото на користење од страна на Агенцијата;
- не е извршено примопредавање на одземените предмети кои се наоѓаат на плацовите и магацините со субјектите кои претходно биле надлежни за нивно одземање и чување и не е извршена нивна процена;
- судовите и другите органи не ја известиле Агенцијата за привремено одземениот имот и одземениот имот со правосилна одлука со кој располагаат во законски предвидениот рок и истиот не е во целост предаден на управување на Агенцијата;
- со Царинска Управа на Република Македонија склучен е Меморандум за меѓусебно разбирање и соработка во постапувањето со одземени предмети во прекршочна и кривична постапка, но не е извршено нивно целосно примопредавање;
- не е воспоставена посебната евиденција за привремено одземениот имот и општата евиденција за конечно одземени предмети;
- не е донесен акт, упатство, правилник за начинот на постапување и вршење на процена на вредноста на одземениот имот.

Агенцијата не преземала активности за вршење на попис на средствата и изворите на средства, како и на одземените предмети со кои управува Агенцијата, ниту во 2009 ниту во 2010 година, поради што не е потврдена состојбата и вредноста на хартиите од вредност, материјалните и нематеријалните средства кои ги користи и кои се во подготовка.

Ревизијата препорачува надлежните органи за управување и раководење со Агенцијата во соработка со надлежните органи односно Владата на Република Македонија, Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, судовите, да преземат активности за овозможување на услови и целосно преземање, чување, складирање, евидентирање како и управување на одземениот имот, со што ќе се овозможи Република Македонија како сопственик на имотот да располага со точни, веродостојни и целосни податоци за висината, видот, количината на одземениот имот, што ќе има за краен ефект остварување на поголеми приходи во Буџетот на Република Македонија.

Од страна на Агенцијата за управување со одземен имот не се добиени забелешки на Нацрт извештајот во законскиот рок.

**Вовед**

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи прикажани на страните од 16 до 18 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на Агенцијата на Основен буџет - 637, која се состои од Билансот на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, биланс на состојба, промени во изворите на капиталните средства и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на сметката на Агенцијата на Основен буџет - 637, за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од :

- Ванчо Шехтански – директор од 02.12.2008 година до 19.09.2010 година и
- Ирена Брзанова - в.д. директор од 20.09.2010 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на сметката на Основен буџетот - 637 на Агенцијата се користени за планираните намени утврдени од страна на

законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Поради прашањата опишани во делот „Цели и делокруг на ревизија„, ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за билансот на состојба.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и
- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените

сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.1 на овој Извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Не се обезбедени достатни и соодветни податоци за потврдување на реалноста и објективноста на искажаната вредност на имотот, односно изворите на капиталните средства на Агенцијата. Поради прашањата изнесени погоре, ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за билансот на состојба.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 29.08.2011 до 30.09.2011 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот – предмет на ревизија на ден 10.11.2011 година.

Од страна на одговорните лица не се доставени забелешки на Нацрт извештајот во законски утврдениот рок.

### 3.1. Интерни контроли

3.1.1. При оценка на процесот на плаќање, ревизијата констатира дека Агенцијата нема воспоставено систем на интерни контроли и не се донесени пишани процедури за овластување и одобрување, разграничување на должностите и делегирање на овластувања односно за движењето на документацијата, контрола, потврдување и обезбедување на комплетна документација при плаќања на набавени добра, извршени услуги и работи, што не е во согласност со одредбите од член 7, 14, 15, 16 и 21 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола. Поради невоспоставениот систем на интерни контроли во процесот на плаќање, не е обезбедена заштита на Агенцијата од појава на евентуални измами и грешки што создава ризик од плаќање и евидентирање на трансакциите врз основа на некомплетна и неуредна сметководствена документација, а со тоа и можност од ненаменска и незаконска исплата на средства.

3.1.2. При оценка на процесот на прием и евидентирање на документарниот материјал кој се однесува на одземениот имот односно на привремено конфискуваниот имот, имотна корист и одземените предмети, како и на конфискуваниот имот, имотната корист и одземените предмети со правосилна одлука во кривична и прекршочна постапка, ревизијата констатира дека не се води соодветно сместување, чување, заштита и обезбедување на документарниот

материјал и на документарната евиденција не се става роковен штембил од страна на службеното лице. Наведените состојби не се во согласност со членовите 24 и 25 од Уредбата за канцелариско и архивско работење, како и на одредбите од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, со што постои ризик од некомплетна евиденција на примената документација и можност за нејзино губење.

**Препорака**

Надлежните органи за раководење и управување на Агенцијата да воспостават систем на интерни контроли:

- во процесот на плаќање со кој ќе бидат делегирани надлежностите и овластувањата на одговорните лица и да одреди лице кое ќе врши контрола на точноста, вистинитоста и комплетноста на сметководствените документи и
- во процесот на прием и евидентирање на документарниот материјал за целокупниот одземен имот.

## 3.2. Усогласеност со закони и прописи

3.2.1. Статутот на Агенцијата за управување со одземен имот број 03-84/2 донесен на 06.08.2009 година, со кој се уредени работите од надлежноста на Агенцијата, начинот на нивното извршување и делокругот на работа на органите на управување и раководење, како и други прашања од значење за работењето на Агенцијата, не е усогласен со донесените измени на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на РМ„ бр. 145/10), со кои е извршена измена на дел од надлежностите на органите за управување и раководење. Неусогласеноста на статутот, создава можност за преземање активности, вршење дејствија и донесување на акти од страна на органите за управување и раководење, кои не се во рамките на законски предвидените надлежности.

**Препорака:**

Надлежните органи за раководење и управување на Агенцијата да преземат активности за усогласување на Статутот на Агенцијата со наведениот закон.

3.2.2. Согласно измените на Законот за државните службеници („Службен весник на РМ„ бр. 114/09) предвидено е Агенцијата прашањата поврзани со правата, обврските и одговорностите на вработените да ги уреди во согласност со законот, додека актите за внатрешна организација и систематизација потребно е да ги усогласи најдоцна до 22 март 2010 година. До декември 2010 година, начинот на организација и систематизација на работните места, пресметувањето и исплаќањето на платите и надоместоците се врши согласно Актот за систематизацијата на работни места број 03-344/2 од 29.07.2009 година, во кој за дел од раководните работни места не е предвидено потребно работно искуство.

Ваквиот начин на дефинирање на потребните квалификации на вработените овозможил вработувања на раководител на сектор со средно образование, раководител на одделение со средна стручна спрема и без работно искуство, како и советници без работно искуство. Имајќи ја во предвид комплексноста на делокругот на работа на Агенцијата, нејзините надлежности при постапувањето и управувањето со одземениот имот, вработувањето на кадар согласно наведениот акт за систематизација на работните места, создава можност да не е обезбедено почитување на начелата за одговорност, стручност и професионалност предвидени со Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка.
Во декември 2010 година, извршено е усогласување на актите за внатрешна организација и систематизација согласно Законот за државните службеници.

**Одземен имот**

Со увид во актите, документацијата и расположливата евиденција со кои е уредено управувањето и евидентирањето на одземениот имот, како надлежност на Агенцијата, ревизијата ги констатира следните состојби:

3.2.3. Во ноември 2009 година од страна на Управниот одбор на Агенцијата донесени се подзаконски акти кои ја регулираат материјата за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка, односно донесен е Правилник за постапување со одземен имот во кој се предвидени повеќе правилници:

- Правилник за постапување со недвижен имот,
- Правилник за формата и содржината на образецот на записникот за одземениот имот,
- Правилник за начинот на водење евиденција на податоци за одземениот имот,
- Правилник за начинот на отстапување на привремено одземен имот на државни органи, здруженија на граѓани и фондации.

До денот на ревизијата не е донесен акт за начинот на постапување/управување со одземениот недвижен имот, иако во текот на 2010 година за одземениот недвижен имот Агенцијата обезбедила и право на сопственост на име на Република Македонија, за кој не е спроведена постапка за продажба.

**Препорака:**
Надлежните органи за раководење и управување на Агенцијата да преземат активности за изготвување и донесување на акт за постапување/управување со одземениот недвижен имот.

3.2.4. За сместување и чување на одземениот имот Агенцијата користи недвижен имот – плац во Миладиновци и магацини во Тетово, Гевгелија, Ѓорче Петров и Идризово, врз основа на заклучок на Владата на Република Македонија, за кои ги констатиравме следните состојби:

- нема донесено одлуки за давање на користење на недвижните ствари на Агенцијата од страна на Владата на Република Македонија, што не е во согласност со член 20 став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи,
- не е извршено примопредавање на одземените предмети кои се наоѓаат на наведените локации со субјектите кои претходно биле надлежни за нивно одземање и чување (Министерство за правда, Царинска Управа);
- Агенцијата нема воспоставено целосно обезбедување и заштита на наведените локации и на одземените предмети во истите. Наведената состојба се должи и на фактот што Агенцијата не е кадровски екипирана, за што е информиран и надлежниот орган и
- Агенцијата нема извршено проценка на вредноста и нема воспоставено сметководствена евиденција за плацовите, магацините и одземените предмети во нив.

Поради наведените состојби, Агенцијата нема увид и податоци за имотот со кој треба да управува, да го користи и да располага.

**Препорака**

Надлежните органи за раководење и управување на Агенцијата во соработка со надлежните органи, Владата на Република Македонија, Министерството за финансии, Министерството за правда потребно е да преземе активности:

- за обезбедување и утврдување на правото на користење на недвижните ствари, плацовите и магацините и нивно евидентирање и
- за континуирано кадровско екипирање, кое ќе овозможи реализација на работите од делокруг на Агенцијата.

3.2.5. Дел од судовите и другите органи не ја известиле Агенцијата за привремено одземениот имот и одземениот имот со правосилна одлука со кој располагаат во законски предвидениот рок од шест месеци од примената на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка, и истиот не е предаден на управување на Агенцијата, што не е во согласност со член 62 од наведениот закон.

На ден 18.10.2010 година Агенцијата има доставено барања до основните судови за доставување материјално - сметководствена евиденција за одземениот имот со која располагаат. Од увидот во приложената документација, ревизијата утврди дека од вкупно 27 основни судови во Република Македонија, 8 судови доставиле податоци за материјална евиденција, 5 судови одговориле дека не располагаат со материјална евиденција, 1 суд известил дека не располага со одземени предмети, а од останатите 13 судови не е добиен одговор. Поради наведената состојба

Агенцијата не располага со податоци за вкупната состојба по број, вид, количина и вредност на привремено одземен имот и одземениот имот со правосилна одлука, сопственост на Република Македонија и нема можност за негово евидентирање, располагање и управување, што има за ефект, од една страна Република Македонија како сопственик на имотот да нема сознание за имотот одземен од страна на надлежните институции и од друга страна помали приходи во Буџетот на Република Македонија.

**Препорака:**
Надлежните органи за раководење и управување на Агенцијата во соработка со судовите во Република Македонија да извршат комплетирање на податоците за материјално - сметководствена евиденција за одземениот имот со кој располагаат судовите и доколку располагаат, да извршат негово преземање.

3.2.6. Склучен е Меморандум за меѓусебно разбирање и соработка во постапувањето со одземени предмети во прекршочна и кривична постапка со Царинска Управа на Република Македонија, со кој е уреден:

- начинот и постапката за меѓусебно известување и примопредавање на привремено и/или правосилно одземените предмети во царинско прекршочна постапка и кривична постапка и
- начинот и постапката на чување и предавање на патнички и други моторни возила и резервни делови и предмети, правосилно одземени и отстапени во корист на државата во управна постапка, а кои се сместени и се чуваат на плацовите на Автомото Сојузот на Македонија (во натамошниот текст АМСМ).

Со увид во документацијата за начинот и постапката на примопредавање односно преземање, ревизијата го констатира следното:

- не е извршено целокупно примопредавање на привремено и/или правосилно одземените предмети со кои располага Царинската Управа на Република Македонија во предвидените рокови согласно став 1 и 2 од член 2 на наведениот Меморандум, и истите сеуште ги чува Царинската Управа на Република Македонија, согласно став 3 од член 2, се до нивно физичко преземање од страна на Агенцијата. Во насока на реализација на одредбите на наведениот меморандум, Царинската Управа на Република Македонија на 17.04.2010 година има доставено Известување во кое ја информира Агенцијата за локациите каде се сместени наведените предмети и
- извршено е предавање на патнички и други моторни возила и резервни делови и предмети, правосилно одземени и отстапени во корист на државата во управна постапка, врз основа на документација „контролници“, потпишани од страна на Министерство за правда и АМСМ и тоа за 1330 моторни возила и резервни делови и предмети сместени на Собирен центар на АМСМ-Петровец и 130 на Собирен центар на АМСМ-Гевгелија, во периодот од 23.02. до 03.06.2011 година. За превземените возила Агенцијата

нема воспоставена евиденција.

Агенцијата нема извршено преземање на привремено и/или правосилно одземените предмети во царинско прекршочна постапка и кривична постапка со што е оневозможено извршувањето на надлежноста на Агенцијата околу управувањето со одземениот имот односно чување, складирање, евидентирање и продажба и остварување на приходи во Буџетот на Републиката.

Во насока на реализација на надлежностите на Агенцијата за одземениот имот, како и постапување согласно заклучоците и насоките на Владата на Република Македонија, во декември 2010 година од страна на Агенцијата донесен е План на активности за преземање на одземената стока, со кој во соработка со надлежните институции се очекува и тоа:

- олеснување на процесот на преземањето на запленета стока од Царинската Управа со далечински пристап до нивниот информационен систем,
- воспоставување единствен систем на евиденција на одземената стока во сите судови во Републиката,
- целосно евидентирање и преземање на одземената стока од Министерството за внатрешни работи и
- преземање на возилата од АМСМ сместени на плацовите во Петровец и Гевгелија.

**Препорака:**

Надлежните органи за раководење и управување на Агенцијата во соработка со Владата на Република Македонија, Царинска Управа на Република Македонија, Министерството за внатрешни работи и судовите да продолжат со реализација на активностите согласно донесениот план за преземање на одземената стока, како и да извршат негово надополнување со утврдување/дефинирање на рокови за нивно извршување, одговорни лица за имплементација, како и со индикатори како показатели за степенот на реализацијата на истите.

3.2.7. Водењето на евиденцијата на целокупниот одземен имот, како надлежност на Агенцијата се врши врз основа на Правилник за начинот на водење евиденција на податоци за одземениот имот, со кој е предвидена посебна евиденција за привремено одземените предмети и општа евиденција за конечно одземени предмети. Наведените евиденции треба да содржат податоци за одземените предмети во однос на приемот, институцијата која ги одзема, правниот основ, записник, датум на преземање од страна на Агенцијата, локација каде се наоѓаат, лицето од кое се одземаат предметот, решение од страна на Агенцијата како е постапено со одземениот имот (продаден, отстапен) како и записник за постапувањето со истиот.

Ревизијата констатира дека во текот на 2010 година воспоставена е евиденција која не содржи хронолошки, навремени и комплетни информации/податоци предвидени во наведениот правилник, со кои ќе се потврди целосноста, комплетноста како и вредноста на одземениот имот, сопственост на Република

Македонија, што не е во согласност со член 6 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка и одредбите од Правилникот за начинот на водење евиденција на податоци за одземениот имот, што остава простор за можност од материјални и правни последици како по Агенцијата така и по Република Македонија.

**Препорака**
Органите за раководење и управување на Агенцијата, да преземат итни и неопходни мерки и активности, евидентирањето на одземениот имот да се темели на точни, целосни и веродостојни податоци.

3.2.8. Со увид во начинот и постапката на процена на вредноста на одземениот имот, како надлежност на Агенцијата, ревизијата ги констатира следните состојби:

- не е донесен акт, упатство за начинот на постапување и вршење на процена на вредноста на одземениот имот,
- со Одлука за формирање комисија за проценка на вредноста на одземениот имот и комисија за продажба на одземениот имот по пат на јавно наддавање број 03-443/1 од 22.03.2010 година формирана е Комисија за проценка на вредноста на одземениот имот, која врши негова процена само при отстапувањето на други државни органи, што не е во согласност со член 27 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка од причина што Агенцијата има обврска да изврши проценка на вредноста на одземениот имот и при неговиот прием и
- за дел од одземениот имот, процената на вредноста е извршена од страна на Бирото за судски вештачења, согласно заклучок на Влада на Република Македонија.

Проценувањето на вредноста на одземениот имот без донесен акт, утврдени правила и стандарди за процена, создава можност за негово нереално и необјективно проценување како и неможност за потврдување на реалната висина на остварените приходи од неговата продажба, во Буџетот на Република Македонија.

**Препорака**
Органите за раководење и управување на Агенцијата, да преземат активности за донесување и воспоставување на интерен акт за начинот на постапување и вршење на процена на вредноста на одземениот имот.

## 3.3. Финансиски извештаи

3.3.1. Агенцијата, согласно податоците во финансиските извештаи, располага со материјални и нематеријални средства во износ од 243.973 илјади денари. Согласно член 29 од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, буџетските корисници на крајот на годината должни се да извршат усогласување на состојбата на средствата и нивните извори искажани во сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот. Во Агенцијата не се преземени активности за вршење на попис на средствата и нивните извори ниту во 2009 нити во 2010 година и не е утврдена фактичката состојба на нематеријалните, материјалните и средства во подготовка, на хартиите од вредност, како и на одземените предмети кои се наоѓаат во складовите и магацините со кои Агенцијата располага.

До Агенцијата доставени се конечни судски одлуки за одземање на недвижен имот и имотна корист како надомест на штета што Република Македонија ја има претрпено од дејствија на правни и физички лица казниви со закон. Во 2010 година по овој основ одземен е недвижен имот - земјишта со површина од 182.850 $м^2$, за кои е обезбедено правото на сопственост на Република Македонија. Агенцијата нема извршено проценка на вредноста на ова земјиште, поради што истото не е евидентирано во сметководствената евиденција на Агенцијата. Како резултат на наведената состојба Агенцијата не располага со точни, веродостојни и целосни податоци за потврдување на вредноста на материјалните и нематеријалните средства искажани во финансиските извештаи, ниту за изготвување на статистички, финансиски и други извештаи за одземениот имот со кој располага Агенцијата, сопственост на Република Македонија.

**Препорака**

Органите за раководење и управување на Агенцијата, да преземат активности и мерки за извршување на целосен попис како и процена на одземениот имот, кои ќе бидат основа за утврдување на висината на правата, обврските, средствата и другиот имот со кој располага Агенцијата и нивно евидентирање, како и основа за изготвување на извештаи за потребите на корисниците на истите.

## Вкупни ефекти од наодите

Вкупниот ефект од изнесените констатации во точките 3.1. и 3.2. е необезбедени податоци за вкупната состојба по број, вид, количина и вредност на одземениот имот односно на конфискуваниот имот, имотната корист и привремено одземените предмети и конфискуваниот имот, имотната корист и одземените предмети со правосилна одлука во кривична и прекршочна постапка, со кои управува Агенцијата.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.2, ние не бевме во можност да добиеме достатни соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Согласно на тоа, ние не изразуваме мислење за Билансот на состојба на Агенцијата за управување со одземен имот - сметка на Основен буџет - 637 на ден 31 декември 2010 година, додека Билансот на приходи и расходи ги прикажува вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на  Агенцијата за управување со одземен имот - сметка на Основен буџет - 637 на ден 31 декември 2010 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 3.2. и 3.3., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Агенцијата за управување со одземен имот - сметка на Основен буџет - 637, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Системски слабости

5.1. Нагласуваме дека согласно Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка, уреден е делокругот на работење на Агенцијата, согласно кој една од надлежностите на Агенцијата е и управување со конфискуваниот имот, имотната корист и одземените предмети, притоа без да се дефинира поимот управување во наведениот закон. Ревизијата смета дека е потребно во законските/ подзаконските акти да се изврши допрецизирање на поимот управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети, односно да се изврши допрецизирање на неговиот опфат (продажба, отстапување, закуп), како и начинот, постапката на извршување на истите кои не се дефинирани во самиот законот.

5.2. Со стапување на сила на Законот за процена („Службен весник на РМ„ бр. 115/10), уредено е дека проценувач може да биде физичко лице, вработено кај овластен проценувач – правно лице, кое поседува лиценца за процена за определена област. За извршената процена се утврдува висина на награда според висината на паричната вредност на предметот на процена. Користењето на услуги од страна на надворешни овластени проценувачи, предвидено во член 27 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети

во кривична и прекршочна постапка, ќе предизвика дополнителен одлив на средства од Буџетот на Агенцијата, односно од Буџетот на Република Македонија.
Имајќи го во предвид наведеното, ревизијата смета дека Агенцијата, во соработка со надлежните институции, потребно е во законската/ подзаконската регулатива да ги предвиди квалификациите на проценувачите, вработени во Агенцијата, начинот на стекнување/ издавање на овластувања/ сертификати/ лиценци за вршење на процена.

5.3. Имајќи ја во предвид комплексноста на делокругот на работа на Агенцијата, нејзините надлежности при постапувањето и управувањето со одземениот имот, специфичната природа на работните задачи и посебноста на извршувањето на посебните должности и овластувања на дел од вработените во Агенцијата, нагласуваме дека согласно член 3-а од Законот за државните службеници, одредени прашања поврзани со правата, обврските и одговорностите на вработените во Агенцијата за управување со одземен имот, не можат да бидат уредени со закон, на начин различен од Законот за државните службеници.

## 6. Нагласување на прашања на неизвесност и континуитет

6.1. Од страна на Управата за јавни приходи на ден 29.12.2010 година донесено е решение број 22-08-1/01672 со кое Агенцијата се запишува како годишен обврзник за данок на додадена вредност за приходот кој го остварува од продажба на одземен имот и предмети.
Согласно член 10 став 2 од Законот за данок на додадена вредност „.....државните органи ....... се даночни обврзници во случаите, доколку во рамките на одредена стопанска дејност вршат промет, кој според овој закон е оданочив кај другите даночни обврзници....„ Исто така член 9 точка 1 и 2 од Законот за данок на додадена вредност дефинира дека даночен обврзник е лице кое трајно или повремено самостојно врши стопанска дејност, која дејност има за цел остварување на приход.
Согласно член 6 алинеја 7 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка, Агенцијата го продава одземениот имот, а приходите од продажбата на одземениот имот по конечни судски постапки согласно член 50 од споменатиот закон, се приходи на Буџетот на Република Македонија, од што произлегува дека Агенцијата не остарува приходи од продажба на имотот и одземени предмети како правен субјект, односно не врши стопанска дејност, која согласно Законот за данок на додадена вредност има за цел остварување на приход. Поради наведените состојби, потребно е да се преиспита донесеното решение со кое Агенцијата се запишува како обврзник за данок на додадена вредност по овој основ.

6.2. Во рамките на трезорската сметка на Буџетот на Република Македонија, од април 2010 година, Агенцијата има отворено посебна сметка, депозитна сметка, која е отворена во функција на прибирање на средства добиени од продажба на привремено одземено предмети, за кои доколку биде донесена правосилна одлука за враќање на истите, Агенцијата на сопственикот му ги исплаќа средствата. Во случај средствата добиени од продажбата да бидат пониски од проценетата вредност од страна на судот, согласно член 49 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка, разликата му се исплаќа на сопственикот од средствата за резерви на Буџетот на Агенцијата.
Со Буџетот за 2011 година, Агенцијата нема предвидено средства за оваа намена.

6.3. Агенцијата е тужена страна во судски спорови од физички и правни лица во вкупен износ од 2.715 илјади денари, од кои во шест спора солидарно со други државни органи во вредност од 2.533 илјади денари, а во еден спор во износ од 182 илјади денари се јавува како единствена тужена страна.

6.4. На 180-тата седница на Влада одржана на ден 30 август 2010 година, Владата на Република Македонија има задолжено повеќе институции за спроведување активности кои ќе имаат ефект врз работењето на Агенцијата и тоа:

1. Агенцијата за управување со одземен имот да спроведе активности за:
    - преземање и сметководствено евидентирање на привремено одземениот имот и документацијата за истиот од МВР, Царинска управа и судовите;
    - сметководствено евидентирање на целокупниот имот со кој располага;
    - сметководствено евидентирање на привремено одземениот имот и документација од плацовите во Петровец и Гевгелија;
    - со Буџетот за 2011 година да предвиди средства за изработка на софтвер за евиденција на целокупниот имот.
2. Управниот одбор на Агенцијата да изврши усогласување на подзаконските акти на Агенцијата;
3. Министерството за одбрана да преотстапи 18 вработени на Агенцијата за физичко обезбедување на плацовите во Петровец и Гевгелија;
4. Министерствата за внатрешни работи и одбрана да достават предлог за локации кои би се користеле за привремено одземен имот.

Ревизијата утврди дека е постапено по следниве активности:

- доставени се барања до судовите за добивање материјална евиденција за одземените предмети;
- со проекциите на Буџетот на Агенцијата за 2011 година на ставката Нефинансиски средства планирани се 1.000 илјади денари за набавка на софтвер, а одобрени се 500 илјади денари;
- во 2011 година вработени се 11 лица преку оглас за вработување, а не со преземање.

6.5. Согласно меѓународниот ревизорски стандард 560, во текот на ревизијата извршени се корекции и усогласувања на позициите Материјални средства и Извори на капитал во финансиските извештаи за 2010 година. По извршените корекции, како ефект е зголемување на Материјални средства и Извори на капитал за 243.468 илјади денари и усогласување на состојбите на Ситниот инвентар во употреба во износ од 2 илјади денари во Билансот на состојба. Исправките се спроведени со налог за книжење 0001 од 10.10.2011 година.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2010 година

| | | | 000 денари |
|---|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2010** | **2009** |
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 7.209 | 2.994 |
| **Вкупно приходи** | | **7.209** | **2.994** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 5.147 | 2.171 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 1.585 | 823 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **6.732** | **2.994** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 477 | 0 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **477** | **0** |
| **Вкупно расходи** | | **7.209** | **2.994** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2010 | 2009 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1. | 736 | 695 |
| Залихи | 4.1.2. | 0 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **736** | **695** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 243.973 | 475 |
| **Вкупно постојани средства** | | **243.973** | **475** |
| **Вкупна актива** | | **244.709** | **1.170** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 371 | 249 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 4.3.2. | 4 | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.3. | 361 | 446 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **736** | **695** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 243.973 | 475 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **243.973** | **475** |
| **Вкупна пасива** | | **244.709** | **1.170** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2010 ГОДИНА

**000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2010 година** | **475** | - | **475** |
| **Зголемување по основ на:** | **243.571** | - | **243.571** |
| Набавки | 103 | 2 | **105** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | | - |
| Ревалоризација на капитални средства | - | | - |
| Корекција по ревизија | 243.468 | (2) | **243.466** |
| **Намалување по основ на:** | **73** | - | **73** |
| Отпис на капитални средства | | | - |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | - |
| Амортизација | 73 | | **73** |
| **Состојба 31.12.2010 година** | **243.973** | - | **243.973** |